***Весна Беличанец-Диневска***

# Дигиталниот каталог за концертната дејност на македонските музички уметници во периодот 2001 - 2006 година

Ова истражување е дел од еден поголем труд, кој се занимава со влијанието на економските фактори врз понудата на македонските музички уметници за јавните музички настапи во областа на уметничката музика во новиот милениум.

Целта во овој текст е да прикажеме дел од дистрибуцијата во дигиталниот каталог за концертната дејност на македонските изведувачи во периодот 2001-2006 година и тоа ќе го направиме низ елаборирањето на трите суштински елементи на истражувањето.

- Структура на базата на податоци
- Како се собрани податоците
- Дистрибуција на податоците

## *1. Структурата на базата на податоци*

Откако ги дефиниравме параметрите за истражување, добивме 51 индикатор и тоа:

- Реден број
- Име и презиме
- Специјалност
- Степен на образование (Високо, М-р, Д-р)
- Место на завршување на највисокиот степен на образование
- Редовен работен однос
- Име на организацијата
- На кое работно место
- Постојан хонорарен работен однос

- Име на организацијата
- На кое работно место
- Повремен хонорарен работен однос
- Име на организацијата
- На кое работно место
- Број на рецитали на Охридско лето
- Број на настапи како солист со оркестар на Охридско лето
- Број на настапи како член на камерен оркестар на Охридско лето
- Број на настапи како член во оркестар на Охридско лето
- Број на други настапи (да се наведе каков состав и колку) на Охридско лето
- Број на рецитали на Скопско лето
- Број на настапи како солист со оркестар на Скопско лето
- Број на настапи како член на камерен оркестар на Скопско лето
- Број на настапи како член во оркестар на Скопско лето
- Број на други настапи (да се наведе каков состав и колку) на Скопско лето
- Број на рецитали за КИЦ
- Број на настапи како солист со оркестар за КИЦ
- Број на настапи како член на камерен оркестар за КИЦ
- Број на настапи како член во оркестар за КИЦ
- Број на други настапи (да се наведе каков состав и колку) за КИЦ
- Број на рецитали за Македонската филхармонија
- Број на настапи како солист со оркестар за Македонската филхармонија
- Број на настапи како член на камерен оркестар за Македонската филхармонија
- Број на настапи како член во оркестар за Македонската филхармонија
- Број на други настапи (да се наведе каков состав и колку) за Македонската филхармонија
- Број на рецитали за СОКОМ
- Број на настапи како солист со оркестар за СОКОМ

- Број на настапи како член на камерен оркестар за СОКОМ
- Број на настапи како член во оркестар за СОКОМ
- Број на други настапи (да се наведе каков состав и колку) за СОКОМ
- Број на реализирани концерти за други организатори (да се наведат кои и кој тип на настап)
- Број на рецитали во странство
- Број на настапи како солист со оркестар во странство
- Број на настапи како член на камерен оркестар во странство
- Број на настапи како член во оркестар во странство
- Број на други настапи (да се наведе каков состав и колку) во странство
- Издадено Це- Де
- Це- Де, во продажба
- Издадено Ди-Ви-Ди
- Ди-Ви-Ди, во продажба
- Присуство на менаџер
- Кој менаџер и за кое подрачје

*2.Како се собрани податоците*

Откако ги одредивме параметрите, кои се предмет на наше интересирање, утврдивме инструменти за прибирање на податоците и тоа - прашалник и интервју.

Во почетокот изготвивме пилот прашалник, кој се состоеше од 24 прашања. Го доставивме на 5 професори- изведувачи од средното музичко училиште "И.Н.- Луј" во Скопје, за да видиме како ќе функционира истиот.

По прибирањето на првите прашалници, заклучивме дека е неопхпдно да додадеме уште две прашања и тоа во делот кој се однесува на издадени Це-Деа и Ди-Ви-Дија на изведувачите, односно дали истите се во продажба. Така конечниот прашалник се состоеше од 26 прашања.

Интервјуто како инструмент го применивме кај тројца музички уметници, со цел за побрзо и поефикасно добивање на податоците.

За реализација на нашето истражување, доставивме 65 прашалника. Притоа одредивме два критериуми што требаше да ги исполнат изведувачите и тоа: возраст до 65 години и концертна активност во периодот 2001-2006 година.

Прашалникот претежно беше доставуван директно и тоа на: случајни или договорени средби во нашите музички институции, преку посредници или на концерти.

Од 65 доставени прашалници, прибравме 55. Овде ќе напоменеме дека поголемиот дел од изведувачите беше расположен за соработка и од истите успешно ги собравме податоците.

Базата на податоци ја формиравме во програмот *Microsoft Excel*, поради лесно внесување и лесна статистичка обработка.

### *3. Дистрибуција на податоците*

Во базата на податоци регистриравме вкупно 55 изведувачи.

Нивната специјалност ќе ја прикажеме на табелата и графиконот бр. 1.

*Табела бр.1*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пијанист | 19 | Обоист | 3 | Перкусионист | 1 |
| Виолинист | 5 | Кларинетист, | 3 | Диригент | 3 |
| Виолист | 2 | Фаготист | 1 | Хорски-диригент | 1 |
| Виолончелист | 2 | Тромбонист | 2 | Оперски пејач | 5 |
| Контрабасист | 3 | Хорнист | 1 | Соло пејач | 1 |
| Флејтист | 1 | Тубист | 1 | Англиски рог | 1 |

*Графикон бр.1*




Според табеларниот и графичкиот приказ бр. 1 може да видиме дека најголем број од интервјуираните изведувачи се пијанисти -19, а најмалку, односно по еден има: хорнист, тубист, хорски диригент , соло пејач и англиски рог.

За нас во ова истражување беа индикативни и параметрите, кои се однесуваат на највисокиот степен на образование на македонските музички уметници.Така според највисокиот степен на образование, ги забележавме следните резултати.

*Табела бр.2*

| | |
|---|---|
| Високо | 23 |
| М-р | 31 |
| Д-р | 1 |

*Графикон бр.2*



Од табеларниот и графичкиот приказ бр.2 можеме да заклучиме дека со високо образование се 23 изведувачи, 31 се магистри, а само еден, од 55 изведувачи има докторска титула.

Покрај највисокиот степен на образование што го завршиле музичките уметници, нас не интересираше и каде завршиле. Резултатите ќе ги видиме на табелата и графиконот бр.3

*Табела бр.3*

| | | |
|---|---|---|
| Во земјава | 40 | 72.7% |
| Во странство | 15 | 27.3% |

*Графикон бр .3*




Од табеларниот и графички приказ бр.3 можеме да видиме дека 73% од изведувачите највисокиот степен на своето образование го завршиле во земјава, а 27% завршиле во странство.

Следното нешто што беше предмет на наше интересирање е дали музичите уметници се во редовен работен однос.

Според фрекентната дистрибуција од сите 55 изведувачи само 2 изведувачи не се во редовен работен однос, додека 53 се во редовен работен однос.

Институциите во кои изведувачите се редовно вработени ќе ги видиме во табелата и графиконот бр.4

*Табела бр.4*

| | |
|---|---|
| ДМБУЦ - Скопје | 12 |
| ФМУ | 17 |
| МФ | 13 |
| МОБ | 5 |
| ДМУ- Тетово | 1 |
| МРТВ | 1 |
| МММ | 2 |
| ММС | 2 |

*Графикон бр.4*




Според табеларниот и графички приказ бр.4 можеме да видиме дека најголемиот број на интервјуирани изведувачиво ова истражување се редовно вработени на ФМУ и тоа 17, на второ место во МФ 13, а на трето место во ДМБУЦ 12 .Овде ќе напоменеме дека само двајца активни изведувачи немаат редовно вработување.

Работните места се музичките уметници во институциите каде се редовно вработени, ги групиравме во 4 дејности. Во првата група се изведувачите кои се занимаваат со педагошка работа, во втората група се оние кои се занимаваат со изведувачичка дејност, во третата се вработените во ансамбли и во четвртата се оние кои се занимаваат со менаџерска дејност. Резултатите добиени од фреквентната дистрибуција на овие податоци, можеме да ги видиме на табелата и графиконот бр.5

*Табела бр. 5*

| | |
|---|---|
| Педагошка дејност | 24 |
| Изведувачичка | 15 |
| Ансамблова дејност | 13 |
| Менаџерска дејност | 1 |

*Графикон 5*




Како што можеме да видиме од табелата и графиконот бр.5, најголем број од интервјуираните изведувачи во институциите каде се вработени, се занимаваат со педагошка дејност (24), а најмал е бројот на оние кои се занимаваат се менаџерска дејност.

Следува прегледот на резултатите добиени од фреквентните дистрибуции од јавните настапи на музичките уметници на фестивалите, и за организаторите, за кои сметавме дека се активни креатори на концертниот живот во Македонија.

Во продолжение, на табелата и графиконот бр.6 ќе ги презентираме резултатите добиени од јавните настапи на музичките уметници на фестивалот Охридско лето во периодот 2001-2006 година, и тоа настапи на изведувачите со рецитали, во улога на солист со оркестар, како член на камерен ансамбл, како член во оркестар или друго.

*Табела бр. 6*

*Настапи на изведувачите на фестивалот Охридско лето*

| | |
|---|---|
| Рецитал | 11 |
| Солист со оркестар | 8 |
| Член на камерен оркестар | 16 |
| Член во оркестар | 22 |
| Друго | 17 |

*Графикон бр.6*




Од табелата и графиконот бр.6 можеме да забележиме дека само 11 од интервјуираните изведувачи, настапиле на фестивалот Охридско лето со рецитал , како солист со ркестар 8, додека највеќе од нив настапиле како член во оркестар 22 од вкупниот број (55) на музички уметници. Да напоменеме само дека во категоријата друго, се сублимирани настапите на некои од изведувачите во улога на: семинаристи, ансамблови изведувачи при МОБ, пијано придружба, член на камерен оркестар при МФ, хормајстор при МОБ, камерно дуо со виолина и друго.

Резултатите од настапите на изведувачите на фестивалот Скопско лето, исто така ќе ги прикажеме табеларно и графички.

*Табела бр. 7*

*Настапи на изведувачите на фестивалот Скопско лето*

| | |
|---|---|
| Рецитал | 11 |
| Солист со оркестар | 10 |
| Член на камерен оркестар | 21 |
| Член во оркестар | 19 |
| Друго | 15 |

*Графикон бр.7*




Од табеларниот и графички приказ бр.7 можеме да заклучиме дека на фестивалот Скопско лето, највеќе изведувачи настапиле како член на камерен ансамбл 21, а најмалку настапиле во улога на солист и оркестар 10, од вкупниот број (55). Во оваа дистрибуција во категоријата друго, се сублимирани настапите на изведувачите во улога на диригент на камерен ансамбл, диригент на хор и оркестар, диригент на опера, диригент со хор и друго.

Резултатите од фреквентната дистрибуција од настапите на музичките уметници за КИЦ, ќе ги видиме на табелата и графиконот бр.8

*Табела бр. 8*

*Настапи на изведувачите за КИЦ*

| | |
|---|---|
| Рецитал | 22 |
| Солист со оркестар | 1 |
| Член на камерен оркестар | 18 |
| Член во оркестар | 0 |
| Друго | 8 |

*Графикон бр.12*




Од табеларниот и графички приказ бр. 8, можеме да заклучиме дека за КИЦ, од вкупниот број на изведувачи (55), највеќе настапиле со рецитали 22, а воопшто не настапиле како член на оркестар. Во оваа дистрибуција во категоријата друго, се сублимирани настапите на изведувачите во други камерни состави: камерно дуо, квартет со солист, уметнички соработник и.т.н.

Податоците односно резултатите за настапите на изведувачите, во периодот 2001-2006 година за Македонската Филхармонија, ќе ги видиме на табелата и графиконот бр.9

*Табела бр. 9*

*Насшайи на изведувачише за Македонска Филхармонија*

| | |
|---|---|
| Рецитал | 1 |
| Солист со оркестар | 26 |
| Член на камерен оркестар | 7 |
| Член во оркестар | 10 |
| Друго | 10 |

*Графикон бр.9*




Од табеларниот и графички приказ бр.9 можеме да заклучиме дека за Македонската Филхармонија, од вкупниот број на изведувачи (55), највеќе настапиле во улога на солист со оркестар 26 (тоа значи во период од пет години, по пет изведувачи годишно), а најмалку, односно само еден изведувач имал рецитал во периодот од 2001 – 2006 година . Во оваа дистрибуција во категоријата друго, спаѓаат настапите на: диригенти, солист со камерен оркестар на МФ, концерт со голем симфониски оркестар, настап со хорот при МОБ и.т.н. Овде ќе напоменеме дека не е земен предвид бројот на настапи на изведувачите, како член на оркестар, чиј редовен работен однос е во Македонската Филхармонија.

Резултатите од фреквентната дистрибуција од податоците за настапите на изведувачите за СОКОМ, ќе ги видиме на табелата и графиконот бр.10

*Табела бр. 10*

*Наста̄пи на изведувачӣте за СОКОМ*

| | |
|---|---|
| Рецитал | 5 |
| Солист со оркестар | 9 |
| Член на камерен оркестар | 26 |
| Член во оркестар | 12 |
| Друго | 21 |

*Графикон бр.10*




Од табеларниот и графички приказ бр.10, можеме да заклучиме дека за СОКОМ, од вкупниот број на музички уметници (55), највеќе настапиле како член на камерен оркестар оркестар 26, а најмалку односно само 5 изведувачи имале рецитали во периодот од 2001 – 2006 година . Во оваа дистрибуција во категоријата друго, спаѓаат настапите на: камерен оркестар и хор, диригенти, настап со хорот при МОБ и друго.

Покрај настапите на музичките уметници за претходно наведените институции, ние го регистриравме и бројот на настапите на изведувачите, во наведениот период, за други организатори. Од вкупно 55 те интервјуирани изведувачи, во периодот 2001-2006 година, 37 настапиле за други организатори.

Бројот на настапи го распределивме во пет групи. Дистрибуцијата на овие податоци ќе ја прикажеме на табелата и графиконот бр.11

*Табела бр. 11*

*Број на настапи на изведувачите за други организатори*

| | |
|---|---|
| до 10 | 27 |
| до 25 | 3 |
| до 50 | 4 |
| до 100 | 1 |
| над 100 | 2 |

*Графикон бр 11*




Од приложеното, на табелата и графиконот бр. 11, можеме да заклучиме дека поголемиот број на изведувачи - 27, имале до 10 настапи за други организатори, а само два изведувачи имале над 100 настапи. Овде ќе го издвоиме солистот Васил Атанасов, кој во нашиот парашалник регистрирал 274 настапи за други организатори за последниве пет години.

Покрај тоа што ние ги регистриравме јавните настапи на македонските музички уметници во земјава, за нас беа сигнификантни и податоците за јавните настапи на изведувачите во странство. Следуваат резултатите од овој сегмент на истражувањето.

Резултатите од фреквентната дистрибуција од податоците за настапите на изведувачите во странство, ќе ги видиме на табелата и графиконот бр. 12

*Табела бр. 12*

*Настапи на изведувачите во странство*

| | |
|---|---|
| Рецитал | 19 |
| Солист со оркестар | 17 |
| Член на камерен оркестар | 26 |
| Член во оркестар | 16 |
| Друго | 11 |

*Графикон бр. 12*




Од табеларниот и графички приказ бр. 12, можеме да заклучиме дека на прво место се гостувањата на изведувачите во странство, како членови на камерен ансамбл (26), на второ место се гостувањата на изведувачите во странство со рецитали (19), а најмалку гостувања во странство оствариле во улога од категоријата друго (11).

Во рамките на оваа дистрибуција ќе додаме уште еден податок, т.е. ќе ги издвоиме земјите во кои нашите музичките уметници најчесто гостуваат.

За појасна претстава и овде направивме групирање на земјите и тоа:

- Непосредни соседни земји: Бугарија, Србија, Грција и Албанија
- Посредни соседни земји: Турција и Босна и Херцеговина
- Европски земји: Хрватска, Словенија, Австрија, Германија Франција, Италија, Англија, Португалија, Унгарија, Романија, Чешка, Шведска, Белгија, Шпанија, Швајцарија и Кипар.
- Други земји: Северен Кипар, Русија, Канада и САД.

Ова ќе го прикажеме на табелата и графиконот бр. 13

*Табела бр. 13* *Графикон бр.13*




| | | | |
|---|---|---|---|
| Србија | 24 | Кипар | 1 |
| Бугарија | 27 | Романија | 1 |
| Грција | 2 | Унгарија | 1 |
| Албанија | 2 | Чешка | 1 |
| Турција | 7 | Русија | 6 |
| БиХ | 6 | САД | 3 |
| Хрватска | 13 | Северен Кипар | 1 |
| Италија | 12 | Канада | 1 |

Добиените резултати се следните:

- Во категоријата непосредни соседни земји, изведувачите најголем број на гостувања имаат во Србија (34), на второ место во Бугарија (27), а најмалку односно исто во Грција и Албанија (2).
- Во категоријата посредни соседни земји изведувачите имаат ист број на гостувања во Турција (7) и во Босна и Херцеговина (6).
- Во категоријата Европски земји изведувачите најголем број на гостувања имаат во Хрватска (13), на второ место во Италија (12), а најмалку односно исто во Кипар, Романија, Унгарија, Чешка,Белгија и Швајцарија(1).

- Во категоријата Други земји изведувачите најголем број на гостувања имаат во Русија (6), на второ место во САД (3), а најмалку односно исто во Северен Кипар и Канада (1).

На крајот од овој текст, кој што претставува презентација на дел од дигиталниот каталог за канцертната дејност на македонските музички уметници во периодот 2001-2006 година, се определивме да прикажеме колку од изведувачите имаат свој менаџер, кои се менаџерите и за кое подрачје ги застапуваат македонските изведувачи.

Од 55 интервјуирани изведувачи, 14 имаат свој менаџер.

Менаџери на македонските музички уметници се: Македонски Музички Менаџмент - Роза Нолчева застапува 3 изведувачи на подрачјето на Македонија, концертната агенција "Алеа" за Македонија застапува 2 изведувачи, *Baggi Communications* за Македонија застапува 1 изведувач, Љубомир Илков за Македонија застапува 1 изведувач,Сабине Шател - Париз за Франција застапува 1 изведувач, Дирк Сателмаер за Германија - 1 изведувач и други менаџери за Италија и Хрватска застапуваат 4 изведувачи.

*Заклучок:*

1. Во овој текст се обидовме да претставиме дел од дигителниот каталог за концертната дејност на македонските музички уметници во периодот 2001-2006 година.
2. По дефинирањето на параметрите за истражување, добивме 51 индикатор за во базата на податоци, но во овој текст како што рековме и претходно прикажавме само дел од дистрибуциите.
3. Инструменти на нашето истражување беа прашалник и интервју.
4. Интервјуиравме вкупно 55 македонски музички изведувачи.
5. Базата на податоци од интервјуираните изведувачи, ја формиравме во програмот *Microsoft Excel*.
6. Во овој текст претставивме вкупно 14 дистрибуции.

7. Според специјалноста на музичките уметници, најголем број од интервјуираните изведувачи се пијанисти -19, а најмалку, односно по еден има: хорнист, тубист, хорски диригент , соло пејач и англиски рог.

8. Од интервјуираните изведувачи со високо образование се 23, магистри се 31, а само еден, од 55 изведувачи има докторска титула.

9. Од изведувачите 73%, највисокиот степен на своето образование го завршиле во земјава, а 27% завршиле во странство.

10. Според фрекентната дистрибуција од сите 55 изведувачи само 2 изведувачи не се во редовен работен однос, додека 53 се во редовен работен однос.

11. Најголем број од интервјуираните изведувачи во институциите каде се вработени, се занимаваат со педагошка дејност (24), а најмал е бројот на оние кои се занимаваат се менаџерска дејност.

12. На фестивалот Охридско лето можеме да забележиме дека само 11 од интервјуираните изведувачи настапиле со рецитал , како солист со ркестар 8, додека највеќе од нив-22 настапиле како член во оркестар.

13. На фестивалот Скопско лето, највеќе изведувачи настапиле како член на камерен ансамбл 21, а најмалку настапиле во улога на солист и оркестар 10.

14. Од вкупниот број на изведувачи (55),за Македонската филхармонија, највеќе настапиле во улога на солист со оркестар 26 (тоа значи во период од пет години, по пет изведувачи годишно), а најмалку, односно само еден изведувач имал рецитал во периодот од 2001 – 2006 година .

15. За СОКОМ, највеќе изведувачи настапиле како член на камерен оркестар оркестар 26, а најмалку односно само 5 изведувачи имале рецитали во периодот од 2001 – 2006 година.

16. Од вкупно 55 те интервјуирани изведувачи, во периодот 2001-2006 година, 37 настапиле за други организатори.

17. Бројот на настапи го распределивме во пет групи. Прва група до 10 настапи, втора група до 25 настапи, третта група до 50 настапи, четвртта група до 100 настапи и петта група над 100 настапи.

18. Поголемиот број на изведувачи - 27, имале до 10 настапи за други организатори, а само два изведувачи имале над 100 настапи. Овде ќе го издвоиме солистот Васил Атанасов, кој во нашиот парашалник регистрирал 274 настапи за други организатори за последниве пет години.

19. Од гостувањата на изведувачите во странство, заклучивме дека најголем број нив имаат во Србија (34), на второ место во Бугарија (27), а најмалку односно по еден во Кипар, Романија, Северен Кипар, Унгарија, Чешка и Канада.

20. Од 55 интервјуирани изведувачи, 14 имаат свој менаџер.

21. На крајот од овој текст, според сето она што го истраживме и го приложивме, можеме да заклучиме дека концертната дејност, односно застапеноста на македонските музички уметници во концертниот живот, не соодветствува на нивните можности и професионална обука.